МАКЕДОНИЈА

Пукање во Чаир, повредено едно лице

360степени | 14 октомври, 2024 21:54

Полициските службеници веднаш излегле на терен и преземаат интензивни мерки за расчистување на случајот. Тие извршиле увид на местото на настанот и собираат сведочења за да го идентификуваат сторителот и да го расветлат овој случај, соопштија од полицијата

Денеска околу 18:10 часот во Градската општа болница „Свети Наум Охридски“ бил пријавен 35-годишен маж со прострелна рана во нога. Повредениот Е.А. (35) од Скопје бил нападнат додека се движел пеш по улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“, информираат од Министерството за внатрешни работи (МВР).

Според МВР, повредениот во болница го донел неговиот брат. Тој на полицијата и појаснил дека повредениот се движел по улицата „Христијан Тодоровски Карпош“ во Скопје кога му се приближило едно лице и му пукало во ногата.

Полициските службеници веднаш излегле на терен и преземаат интензивни мерки за расчистување на случајот. Тие извршиле увид на местото на настанот и собираат сведочења за да го идентификуваат сторителот и да го расветлат овој случај, соопштија од полицијата.

Повредениот е хоспитализиран и му се укажува потребната медицинска помош. Неговото здравје е стабилно.

Пред десет дена во Чаир исто така имаше пукање во кое беше повредено едно лице.

> Пукање во Чаир, повредено е едно лице

Пукањето, како што информираа од МВР, се случило на улицата „Цветан Димов“, а во повредениот било пукано од возило „пасат“.

СПОДЕЛИ

Последни новости

Пукање во Чаир, повредено едно лице

14 ОКТОМВРИ, 2024

Мицкоски од Берлин: Германија останува наш...

14 ОКТОМВРИ, 2024

Претседателката на Антикорупциска вели дека никому...

14 ОКТОМВРИ, 2024

Зошто им се дипломатски пасоши на...

14 ОКТОМВРИ, 2024

Од ДКСК тврдат дека досега побарале...

14 ОКТОМВРИ, 2024

©2024 360 степени, Сите права се задржани